РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-37

Скопје 06.05.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

До: Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

За: г-ѓа. Јасна ЕРЦЕГОВИЌ, управителка
г. Ацо КАБРАНОВ, одговорен уредник

Предмет: Известување за пристигната претставка

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна претставка во врска со изданието на емисијата „Правда и неправда" емитувано на 16 април 2019 година, во кое учествуваат г. Киро Тошевски и г. Зоран Азманов и со самопромотивната најава за оваа емисија. Подносителот на претставката смета дека 1 ТВ ги прекршила „основните начела согласно Уставот на РСМ за основните човекови права и слободи" затоа што била „тенденциозна и пристрасна", и тоа:

- Со изданието на емисијата „Правда и неправда" бидејќи во неа, како што се тврди – 75% од времето било посветено на г. Киро Тошевски, а 25% на г. Зоран Азманов, и
- Со самопромотивната најава во делот каде се наведува: „Нова измама на лицето Азманов или легални позајмици?".

По спроведениот надзор врз емисијата е утврдено дека не се прекршени професионалните начела, а во поглед на самопромотивната најава – ве потсетуваме дека начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, вклучувајќи ја и пресумпцијата на невиност, треба доследно да се почитуваат во сите содржини што се емитуваат.

Извештајот од надзорот е достапен на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

...................................................
д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ